Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за финансии** | **Ministria e Financave**

Друштво за информатички инжинеринг, производство и услуги увоз-извоз ФОКСИТ ДОО
Бр. 03-44/1
09.05.2023 год
СКОПЈЕ

Архивски број: 03-6398/9
Датум: 08-05-2023

ДОГОВОР
за јавна набавка на услуга –
одржување на електронскиот систем за пријавување на
евиденција на обврските – ЕСПЕО

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, со седиште на улица „Даме Груев", бр.12 - Скопје, претставувано од dr.Fatmir Besimi, министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган и

2. Друштво за информатички инжинеринг, производство и услуги увоз - извоз ФОКСИТ ДОО Скопје, со седиште на бул. Јане Сандански 79 А/1-14, претставувано од Саше Митевски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е одржување на електронскиот систем за пријавување и евиденција на обврските-ЕСПЕО, по спроведената поедноставена отворена постапка по оглас бр.04946/2023.

Член 2

Одржувањето од член 1 од овој договор опфаќа превентивно и интервентно одржување на системот, техничка поддршка, адаптивно одржување, во се според техничките спецификации кои се составен дел на овој договор (Прилог кон Договорот).

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечната цена за превентивно и интервентно одржување и техничка поддршка на системот изнесува 34.800,00 денари без пресметан ДДВ, во вид на месечен паушал.

Единечната цена за адаптивно одржување на системот изнесува 2.400,00 денари без пресметан ДДВ, по работен час.

Единечните цени се крајни, фиксни и непроменливи се до конечното исполнување на договорот и во нив се вкалкулирани сите трошоци што носителот на набавката ги има до нивната испорака кај договорниот орган.

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 420.000,00 денари, без пресметан ДДВ.

На износот од став 5 на овој договор се пресметува данок на додадена вредност (ДДВ) во износ од 75.600,00 денари.

Вкупната максимална вредност на договорот изнесува 495.600,00 денари, со пресметан данок на додадена вредност (ДДВ).

Договорниот орган нема обврска да ја реализира вкупната максимална вредност на договорот.

## III. РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 4

Плаќањето ќе се врши врз основа на доставена фактура за извршена услуга од страна на носителот на набавката во писарницата на договорниот орган.

Плаќањето за извршената услуга за превентивното и интервентното одржување на системот и техничка поддршка, ќе се врши месечно во вид на месечен паушал.

Плаќањето за извршената услуга за адаптивното одржување на системот ќе се врши по работен час.

Договорниот орган ќе го врши плаќањето во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на фактурата во писарницата на договорниот орган.

Кон фактурата за плаќање носителот на набавката задолжително приложува уредно потпишан работен налог, од двете договорни страни.

Доколку фактурата не е комплетна, договорниот орган ќе ја врати на носителот на набавката на корекција или докомплетирање.

## IV. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

### Член 5

Носителот на набавката е должен своите обврски да ги извршува стручно и квалитетно, врз основа на барањата на договорниот орган дефинирани во техничките спецификации кои се составен дел од овој договор.

Носителот на набавката е должен веднаш по потпишување на договорот да му достави на договорниот орган податоци (име и презиме, матичен број и број на лична карта) за лицата кои ќе бидат определени за реализација на предметната набавка.

Во случај на проблем, определени лица од договорниот орган се должни дефектот или барањето за интервенција да го пријават преку телефон или по електронски пат во текот на работното време. Исклучок се случаите со Приоритет 1 (табела со дефиниција на приоритети од техничката спецификација), кои можат да се пријават веднаш, преку телефон со дополнителна достава по електронски пат.

Носителот на набавката се обврзува дека ќе се јави на секој повик од страна на договорниот орган и ќе ја изврши потребната интервенција, согласно дефинициите на приоритети дадени во Прилогот 1.

## V.ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 6

Договорниот орган се обврзува да определи лица за реализација на овој договор.

Договорниот орган се обврзува да ја плати уредно доставената фактура според рокот утврден во член 4 од овој договор.

## VI. РОК НА ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 7

Договорот е со важност од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на потпишувањето од двете договорни страни.

## VII. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

Член 8

Определените лица од Носителот на набавката за реализација на Договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на Договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на Договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на Договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со Договорниот орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на Носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 9

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на Носителот на набавката и на Договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој Договор од страна на Носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои Договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 10

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на Договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на Договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле

подготвени или изнесени во врска со работата за која Носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган.

Член 11

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 8 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 12

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, Носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај Договорниот органот.

Член 13

Носителот на набавката по писмено барање на Договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на Договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали Носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 14

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на Носителот на набавката во однос на овој Договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од Договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 15

Одредбите од глава VII од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај Носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## VIII. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 16

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот.

Банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде во висина од 5% од вкупната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност и да е со важност до целосно реализирање на договорот.

Со банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот носителот на набавката безусловно гарантира за целосно, квалитетно и навремено извршување на обврските по овој договор.

Недоставување на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му ја врати банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Договорниот орган нема да ја врати банкарската гаранција за квалитетно извршување на договорот и ќе бара нејзино активирање од банката која ја има издадено, доколку предметната набавка не е реализирана според одредбите од договорот.

Во случај носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) да не можел да ја изврши услугата, договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција, доколку носителот на набавката достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршената или ненавремено извршената услуга, а образложението биде писмено прифатено од страна на договорниот орган.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ ИЛИ ПРЕКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 17

Овој договор може да се раскине во согласност на двете договорни страни.

Член 18

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување на одредбите на договорот, а согласно со овој договор или закон.

Договорната страна која поради непридржување или несполнување кон договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 19

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, другата договорна страна, може да бара исполнување на обврските или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 20

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна, може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност на договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може еднострано да го раскине договорот, и да ја наплати банкарската гаранција.

Член 21

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не


Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 631
www.finance.gov.mk

може да се оствари целта на договорот, во таа мера што е очигледно дека договорот повеќе не им одговара на очекувањата на договорните страни и дека според општото мислење би било неправедливо, да се одржи во сила таков каков што е, страната на која и е отежнато исполнувањето на обврската, односно страната која што поради променетите околности не може да ја оствари целта на договорот може да бара договорот да се раскине.

Раскинување на договор не може да се бара ако страната што се повикува на променетите околности била должна во време на склучувањето на договорот да ги земе предвид тие околности или можела да ги избегне или да ги совлада.

Страната која бара раскинување на договорот не може да се повикува на променетите околности што настапиле по истекот на рокот определен за исполнување на нејзината обврска.

Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

Член 22

Страната која бара раскинување на договорот поради променетите околности, должна е за својата намера да ја извести другата страна штом дознала дека настапиле такви околности, а ако тоа не го стори одговара за штетата што другата страна ја претрпела поради тоа што барањето не и било соопштено на време.

## XI. ВИША СИЛА

Член 23

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна кон друга за губитокот, повредата или неизвршувањето на одредбите на овој договор кои се предизвикани од виша сила дефинирана со Закон.

Под „виша сила" се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

## XII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 24

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорените страни во согласност со Законот за јавните набавки.

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена заради настапување на „виша сила“ да ги извршува обврските според овој договор, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за „вишата сила“ и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За време на траењето на „вишата сила“сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на „вишата сила“ договорот продолжува да се реализира.

Член 25

Ниту една договорна страна нема право своите обврски да ги пренесе на третата страна, без заемна писмена согласност.

Член 26

За сѐ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Член 27

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 28

При секоја обработка на личните податоци во текот на реализацијата на овој договор, соодветно ќе се применуваат одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 29

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката: |
|---|---|
| Република Северна Македонија<br>Министерство за финансии<br>Скопје | Друштво за информатички инжинеринг,<br>производство и услуги увоз - извоз<br>ФОКСИТ ДОО Скопје |
| Dr. Fatmir Besimi<br>Министер за финансии | Саше Митевски<br>Управител |

| | |
|---|---|
| Изработил: | Даниела Донова Ризов |
| Контролирал: | Даниела Јанкова<br>Елизабета Калачоска |
| Одобрил: | Татјана Васева |
| Проверил: | Daut Hajrullahi<br>м-р Маја Стаменковска Угриновска |
| Согласен: | д-р Јелена Таст |

Прилог кон Договорот

ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

Услугите кои се дадени во овие технички спецификации се однесуваат на Електронски систем за пријавување и евиденција на обврски, чиј техничкиот опис е даден во Прилог 1.

I. Одржување на веб апликација за пријавување и евиденција на обврски.

Под одржување на веб апликацијата се подразбира:

- Превентивно и интервентно одржување на системот и техничка подршка,
- Адаптивно одржување.

За услугите кои се покриваат со договорот за превентивно, интервентно и техничка подршка предвидени се 120 часа годишно.

II. Предмет на одржувањето на софтверската апликација се следните услуги кои избраниот понудувач треба да ги обезбеди во договорниот рок:

<u>Превентивно и интервентно одржување и техничка поддршка</u>

- поддршка која се состои од реактивни мерки за решавање на софтверски и системски проблеми, во склад со дефинициите на приоритети од Прилог 2, со дефинирани процедури за пријавување на проблемите:

- превентивна системска дијагностика,
- разрешување на технички проблеми на системско ниво поврзани со функционалноста на порталот,
- решавање на апликативни проблеми врзани со евентуални промени на генералната системска околина за работа (хардверски и мрежни конфигурации, оперативен систем),
- одстранување на неправилности во податоците настанати поради грешки и проблеми во функционирањето на апликативниот софтвер и базата на податоци.

- преглед на конзистентноста на базата на податоци
- преглед на оптовареноста и оптимизација на базата со податоци,
- преглед на критичните прашања (query) и индексите на базата на податоци,
- преглед на сите релевантни логови на системот,
- креирање процедури и полиси за извршување на заштита, архивирање и деархивирање на податоците.
- Отстанување на неправилности во податоците, враќање на податоците и системот во исправна состојба од backup настанати поради:
  - нестручна работа со софтверот со која е предизвикано нарушување и/или бришење на податоци и податочната структура.
  - Компјутерски вируси и друг малициозен софтвер,
  - штети предизвикани од хардверски дефекти,
  - штети предизвикани од дејство на виша сила (пожар, поплава и сл.).
- Обезбедување на проектираните перформанси на системот,
- дизајн и консалтинг во случај на и промени на опремата,
- согледување на реализацијата на обврските, односно изготвување на преглед на доставените барања за интеревнции и статусот на нивната реализација,
- дополнителна обука и консултации во траење до 4 часа месечно,
- телефонска и/или далечинска преку VPN пристап обезбеден од Договорниот орган, а ако не може на тој начин да се реши проблемот тогаш, по исклучок се пристапува кон интервенција на лице место- поддршка за решавање на инциденти,
- телефонска поддршка на корисниците на системот.

Услуги на адаптивно одржување

Адаптивното одржување подразбира промени во функционалноста на системот кои може да се сметаат како квалитативни подобрувања на тековното решение, но не се идентифицирани како нови функционалности кои до моментот на склучување на договорот за одржување не постоеле во системот.

Активности на Носителот на набавката при реализација на адаптивното одржување на софтверот, по барање на договорниот орган, се:

- разрешување на технички проблеми надвор од имплементираните функционалности,
- подобрување на постојниот информациски систем,
- измени и доработки на постоечките функционалности
- модули, прегледи, извештаи и останато, поради промена на законски прописи или промена на начинот на работење.

Процедури за пријавување на проблемите и барањата

Договорниот орган, преку своето овластено лице ќе го пријави на Носителот на набавката софтверскиот проблем или барање за интервенција преку телефакс или e-mail во текот на работното време. Исклучок се случаите со Приоритет 1, кои можат да се пријават веднаш, преку телефон со дополнителна достава на mail или телефакс.

Во случај на адаптација на софтверот, промените се специфицираат од страна на Договорниот орган во писмена форма со претходна комуникација и договор со Носителот на набавката. Спецификациијата се испраќа на примарната е-маил адреса или телефакс кај Носителот на набавката, кој испраќа понуда за бројот на работните часови кои се потребни за реализација на бараните надополнувања и подобрувања. По прифаќањето на понудата, Носителот на набавката пристапува кон развој, тестирање и имплеметација на бараните промени во системот.

Пријавувањето на софтверски проблеми и комуникацијата кон Носителот на набавката ќе се врши преку лица што ќе ги определи договорниот орган.

За целокупната работа на носителот на набавка ќе доставува месечни извештаи за извршените услуги до нарачателот.

Адаптации во софтверот согласно кориснички барања и промени во законската регулатива

Избраниот понудувач е исто така должен годишно да обезбеди до 120 работни часа за системски адаптации и консултации на барање на договорниот орган:

- Телефонска, модемска и е-маил помош и консултации (понеделник – петок: 08:00 – 16:00),
- Додатно прилагодување на софтверот усогласено со промени на законската регулатива,
- Адаптација на решението со цел зголемување на функционалноста и олеснување на операторското работење,
- Посети на лице место по барање на договорниот орган,
- Изработка на додатни извештаи за потребите на корисниците.

Рок на имплементација:

- до 7 дена по дефинираното барање

Изворен код и документација

Целата документација и дополнетиот или изменет изворен код е сопственост на договорниот орган - Министерството за финансии, по секоја измена на структурата на базата на податоци (додавање или бришење на табели или функционалности) или измена во функционалноста на апликацијата е потребно на договорениот орган - Министерството за финансии да му се доставува последната верзија од изворниот код на апликацијата, бекап од базата на податоци како и дијаграм од базата на податоци и структурата на табелите во истата. Доставувањето може да се врши на било каков медиум за пренос на податоци (флеш меморија, цд, двд, и.т.н.).

Временска рамка

Временска рамка на Договорот е 12 месеци.

ОПИС НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБВРСКИ

Софтверска платформа.
ПЕО (Пријавување и евиденција на обврските) - https://peo.finance.gov.mk софтверската апликација се состои од следниве компоненти:

- Модул за администрирање со матични податоци
- Модул за регистрирање на обврските
- Потсистем за извештаи
- Модул за администрација со корисници

Опис на предметот на одржување

ПЕО (Пријавување и евидентирање на обврските) софтверската апликација се состои од следните модули и функционалности кои се предмет на одржувањето:

Инфраструктурата и технологиите кои ги користат се:

| | |
|---|---|
| WEB Server | |
| Server: | Virtual Server running in VMWARE Virtual Environment,<br>Intel Core2 2.6 GHz, 16GB RAM, 120GB HDD |
| OS: | Windows Server 2012 Standard(64-bit OS), |
| Web App Server: | IIS |
| DB Server | |
| Server: | Virtual Server running in VMWARE Virtual Environment,<br>Intel Core2 2.6 GHz, 16 GB RAM, 500GB HDD |
| OS: | Windows Server 2012 Standard |
| DB Server | MS SQL Server 2012 Standard 64-bit Database |

Модул за администрирање со матичните податоци

- Администрирање со метаподатоци (типови обврски, типови буџетски сметки, буџетски програми, општини, места)
- Администрирање со субјекти (типови, видови, групи, подгрупи, субјекти основачи, статуси)
- Администрирање со комитенти (групи, подгрупи, категории)
- Интеграција со Централен регистар за автоматско ажурирање на субјектите
- Администрирање со економски класификации (синтетики, аналитики)
- Администрирање со вработени

Модул за регистрирање на обврските

- Регистрирање на обврските на месечно ниво
  - Пополнување на новите месечни пријави за обврски
  - Внесување на насловни податоци: број, датум, тип буџетска сметка, месец/година, датум на пресек (автоматски изборн на субјект спрема активниот корисник)
  - Внесување на детали во пријавите: економска класификација, тип на обврска, комитент, достасатни обврски, обврски во тековна година, обврски во T+1 година, обврски во T+2 година, обврски кон јавен сектор (автоматски со избран комитент), обврски кон физички лица, обврски кон странство, обврски по судска постапка,
- Автоматско генерирање на нови обврски со copy/paste функционалност за преземање на податоци од претходни обврски
- Self service функционалности за одржување на податоците на субјектот
  - Администрирање со адресни податоци за сопствениот субјект

Потсистем за извештаи

- Напреден репортинг систем базиран на интелигентни филтри минимум според следните параметри:
  - Од/До датум на пријава
  - Од/До месец/година
  - Субјекти,
  - Тип на субјект
  - Тип буџетска сметка
  - Тип на обврска
  - Економска класификација
  - Комитент
  - Обврска кон јавен сектор
  - Обврска кон физичко лице

- Обврска кон странство
- Судска постапка

– Функционалности на извештаите:
  - вградено сортирање по повеќе критериуми
  - врадено пребарување во извештајот
  - drill down аналитика

– Листа на извештаи опфатена со системот:
  - Извештај за пријавени обврски по типови на субјекти
  - Извештај за пријавени обврски по субјекти
  - Збирен преглед на неплатени обврски за избран датум по економски класификации
  - Збирен преглед на неплатени обврски за избран датум по економски класификации - синтетика
  - Извештај за пријавени обврски по тип на обврска
  - Збирен преглед на неплатени обврски за избран датум по комитенти
  - Извештај за пријавени обврски според видови на комитенти
  - Листа на субјекти без поднесен извештај
  - Неплатени обврски на субјекти по година/месец

– Листа на обврски по економска класификација

Модул за администрација со корисници

- Дефинирање на корисници
- Дефинирање на кориснички групи
  - корисници од субјектите од јавниот сектор
  - корисници од Секторот за буџет и фондови
  - корисници - администратори на системот
- Доделување на права и привилегии на корисничките групи
- Интегрирано администрирање со субјектите
  - администрирање со нови субјекти и нивно воведување во системот како корисници,
  - администрирање со промените кај субјектите,
  - автоматски процедури за e-mail нотифицирање на пријавувањата, администрирање со заборавени лозинки, воведување на нови корисници и сл.

Услуги и активности на превентивно одржување

– Избраниот понудувач е должен да извршува комплетно превентивно одржување на софтверските модули кои се дел од апликацијата согласно позитивните законски прописи и тоа:
  - Следење на софтверското решение и дијагностицирање на неговата моментална состојба, односно препознавање на сите евентуални технички и системски дефекти и нивно проактивно разрешување,

- Интервенции во податоци за отстранување на настанатите грешки во податоците заради проблемите предизвикани од грешка во податоци или од ненамерна грешка при рутинска работа на корисниците,
- Отстранување на грешки направени од носителот на набавката при развојот на кодот,
- Одржување, вклучително и тестирање, следење, прилагодување и замена на модули со цел спречување на потенцијални испади на системите,
- Мерење, снимање и анализа на релевантни параметри и преземање соодветни мерки со цел да се обезбеди оптимална и доверлива работа на софтверското решение и минимизирање на можноста од дефект,
- Решавање на проблеми врз база на пријавени инциденти на софтверското решение.

– Понудувачот е должен проактивно да ги решава софтверските проблеми, во склад со дефинициите на приоритети, со дефинирани процедури за пријавување на проблемите содржани во техничките спецификации.

– Интервенциите се прават далечински преку VPN пристап обезбеден од Договорниот орган, а ако не може на тој начин да се реши проблемот тогаш, по исклучоксе пристапува кон интервенција на лице место.

– Понудувачот мора да обезбеди отстранување на настанатите грешки и прекини дефинирани според следниве критериуми дадени во Прилог 2

Дефиниции на приоритети и максимално дозволено време на одзив

| Приоритет[1] | Дефиниција[2] | On-line одзив | On-site одзив | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|---|
| 1<br>ИТНО – Дефект со многу висок приоритет, итен случај, блокирање на системот | Под приоритет 1 – ИТНО, се подразбира проблем во функционирањето на системот, или негов значаен дел, при што истиот не може да ја извршува својата функција, и предизвикува застој или го успорува нормалното работење на Економскиот оператор | 1 час | 2 часа | 4 часа | 1 ден |
| 2<br>Сериозен дефект – Дефект кој предизвикува голем прекин во работата на системот | Под приоритет 2 – Сериозен дефект, се подразбира проблем при кој оперативните карактеристики на системот се такви да дел од работните активности не функционираат или системот не работи со полн капацитет | 1 часа | 6 часа | 12 часа | 5 дена |
| 3 | -Системот/софтверот има недостатоци кои имаат мало влијание на | 4 часа | 48 часа | 5 дена | 10 дена |

1 Носителот на набавката врши верификација на приоритетот

2 Доколку не се санира во предвидениот рок, нивото на приоритет се подига автоматски за еден

| Приоритет[1] | Дефиниција[2] | On-line одзив | On-site одзив | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|---|
| Мали, естетски недостатоци | работните активности на Економскиот оператор, односно овозможуваат користење на системот со намалена функционалност и/или работење<br>- Се бара информација/помош околу инсталација или конфигурација на системот/софтверот | | | | |